СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
*КОМОРА НА ИДНИНАТА И ВАШ КОНСУЛТАНТ ВО БИЗНИСОТ*
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA
*CHAMBER OF THE FUTURE AND YOUR CONSULTANT IN BUSINESS*

103
ICC International Chamber of Commerce
ATA carnet
cif wb6
Association of Balkan Chambers
EUROCHAMBRES
enterprise europe network
Excellent
EBF European Banking Federation
eurelectric
CEI

СКМ-ЗП-РУ 08/01

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ТУТУН И ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН
- Групација за производство на цигари

Бр. 29- 52/1
20.1.2026 год.
Скопје

До
г. Азир Алиу, министер
Министерство за здравство

**ПРЕДМЕТ:** став на Групацијата за производство на цигари (Здружение на производители на тутун и производи од тутун) за нацрт-законот за заштита од пушењето поставен на ЕНЕР на 10 јануари 2026 година

Почитуван г. Алиу,

Групацијата за производство на цигари, дел од Здружението на производители на тутун и производи од тутун во рамките на Стопанската комора на Северна Македонија, како засегната страна во однос на нацрт-законот за заштита од пушење, го разгледа предлог-текстот на Законот и во име на сите компании членки, а со цел да даде конструктивен придонес во креирањето најсоодветно решение кое би можело да донесе позитивни резултати, го презентира својот генерален став спрема сите новини во законскиот текст кој беше поставен на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР) на 10 јануари 2026 година.

Членките на Групацијата, кои преку своите деловни активности значително придонесуваат во приходите на државниот буџет и во креирањето на работните места, ја поздравуваат иницијативата на Владата и на Министерството за здравство да се модернизира постојниот Закон за заштита од пушење. Се надеваме дека со заеднички ангажман ќе придонесеме за создавање систем кој ќе ги заштити малолетниците и непушачите, но кој истовремено ќе им понуди алтернативи на постојните пушачи, кои едноставно го користат своето право на избор.

Свесни сме дека постојната законска рамка во однос на заштитата од пушење беше креирана во време кога на домашниот пазар единствено присутни беа цигарите и во мал дел другите согорливи тутунски производи. Во меѓувреме

[illegible]

индустријата еволуираше и се трансформира вложувајќи огромни инвестиции во нови технологии, иновации и истражување, кои им овозможуваат на полнолетните пушачи кои и натаму би продолжиле да пушат пристап до алтернативни производи, кои, во согласност со големиот број независни научни истражувања, се покажува дека се помалку штетни во споредба со традиционалните цигари. Во таа насока, сметаме дека има потреба од носење ново законско решение во кое ќе бидат применети најдобрите европски и светски пракси и во кое ќе се применат најсоодветните решенија за намалување на штетноста од тутунскиот чад.

Нашите анализи покажуваат дека нацрт-законот за заштита од пушење е направен според словенечкиот модел, но сметаме дека тој не може да биде применлив во РС Македонија. Причините поради кои сметаме така се следниве:

- Суровиот тутун се смета за стратешка земјоделска култура во нашата земја, а неговото одгледување, производството и откупот се стимулирани од државата.
- Во земјава оперираат две фабрики за производство на тутунски производи, кои имаат голем удел во создавањето на приходите во државниот буџет и кои вработуваат неколку стотина македонски граѓани. Плус, во нашата земја постои традиција на користење тутунски производи и само тогаш кога државата воспоставувала балансирана политика со оправдан рестриктивен пристап се постигнувале посакуваните цели. Сите сме сведоци дека мерките се успешни тогаш кога има соработка меѓу државата, граѓаните и бизнис-заедницата. Направените анализи на предложеното законско решение ги покажуваат начелно следниве недостатоци:

  - неусогласеност на дефинициите и на дел од другите членови на нацрт-законот за заштита од пушење со другите позитивни законски прописи, особено со Законот за тутун, тутунски и сродни производи, како на пример проблематика за тутун;

  - недоволна прецизност за целосно решавање на ограничувањето на пушењето поради нејасно дефинирање на локациите на кои е забрането, а особено на локациите на кои се дозволени пушењето и користењето алтернативни тутунски производи;
  - очекувани сериозни, економски и финансиски последици врз буџетот на државата, од неколку аспекти рестриктивно регулирани во Законот;
  - паралелно, очекувано поттикнување на нелегалната трговија на тутунски производи, кои потрошувачите ќе ги бараат на соседните пазари;
  - сигурно намалување на работните места во тутунската индустрија и во угостителскиот сектор, како и тежок удар врз малопродажниот трговски сектор, кој се очекува да ја загрози егзистенцијата на повеќе од 4000 малопрадажни места во државата, од кои голем дел се мали и семејни бизниси.

**1. Во поглед на неусогласеноста на нацрт-законот со *Lex specialis* законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, би сакале да Ви ги посочиме следниве аргументи:**

- Дефинирањето на производите од тутун и на сродните производи е предмет на *Lex specialis* законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (Службен весник на РСМ бр. 98/19 со сите негови измени и дополнувања), чие донесување во 2019 година беше резултат на усогласувањето со Директивата 2014/40/ЕУ на Европскиот парламент на Советот од 3 април 2014 година за приближување на законите, регулативите и административните одредби на земјите членки за производство, претставување и продажба на тутунски и сродни производи. Овој законски текст беше поздравен од Европската комисија во извештаите за напредокот на Република Македонија во евроинтегративните процеси, оценет со високо ниво на хармонизација со европското законодавство. Тој ги дефинира сите производи и процеси што се однесуваат на тутунот, производите од тутун и на сродните производи.

Токму затоа нашето прво укажување се однесува на самиот наслов и предмет на регулација бидејќи изречно сме против донесување дефиниција која е паралелна и неточна во однос на постојната важечка дефиниција од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, која дефинира дека **„пушењето е поседување или користење тутунски производ кој согорува, без оглед дали чадот активно се вдишува или издишува“ (член 3, став 1, точка 3).** Како што ви е познато, нацрт-законот за заштита од пушење користи сосема поинаква дефиниција за пушењето: „Пушење – консумирање тутун и други производи што содржат тутун и/или никотин, како и производи што го имитираат тутунот, со цел вдишување аеросол (чад или пареа) создаден со нивно согорување или загревање или со други начини на изложување.“ Ставајќи ги во една дефиниција и цигарите и алтернативните тутунски производи, при што кај некои постои загревање, а кај други испарување, па и нејасно дефинираните категории (производи кои имитираат тутун), регулаторот, обидувајќи се да го прошири влијанието врз Законот на сите производи, како што се несогорливиот тутун, електронските цигари или никотинските ќесички, ги изедначува сите категории, спротивно на она што е веќе дефинирано во постојниот Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи и спротивно на основната намера на тој закон да изврши јасна диференцијација на различните категории производи во однос на нивните карактеристики. За намалената штетност на алтернативните тутунски и никотински производи во однос на цигарите постојат голем број меѓународни, регионални и домашни стручни и научни истражувања кои го потврдуваат тоа.

- Исто така, намалувањето на штетноста на алтернативните тутунски производи е веќе прифатен концепт присутен во стратешките документи изработени изминатите години, како на глобално ниво така и од локалните еминентни институции и здруженија. Затоа сметаме дека со изедначување на категориите на сите производи се појавува правна неусогласеност и регрес во регулаторната рамка. Особено е важно да се воочи разликата бидејќи овде се работи за алтернативни (сродни) тутунски производи кои докажано имаат значително помал здравствен ризик споредено со класичните тутунски производи и со чие користење не се врши негативно влијание врз непушачите (бидејќи ова се производи без чад).

- Дополнително, укажуваме на тоа дека македонскиот јазик не го препознава зборот „дим“, туку „тутунски чад“, дефиниран во член 3, став 1, точка 4 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи, па затоа бараме отстранување на сите места од новиот предлог-текст.

- Неусогласеност гледаме и во дефиницијата во член 2, став 1, точка 11 од нацрт-законот за заштита од пушење: „Животна средина загадена со чад од тутун, тутунски и никотински производи“ бидејќи Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи го дефинира само никотинот како никотински алкалоид, но не и никотинските производи (член 3, став 1, точка 24). Како поддршка за член 2, укажуваме на тоа дека постојат голем број докази за различното влијание што го имаат различните тутунски производи врз животната средина и дека нивното произволно обединување и изедначување направено во нацрт-законот е погрешно и неоправдано.

- Во однос на ограничувањето на производството, увозот, дистрибуцијата, продажбата и на ставањето на пазарот на производите од тутун и никотин кои содржат ароми или вкусови, нашиот став е дека оваа проблематика е предмет на комплексна законска регулатива од меѓународен и национален интерес и во овој контекст, повикувајќи се на препораките на Рамковната конвенција за контрола на тутунот (Framework Convention on неговата цел за заштита на јавното здравје. Укажуваме на тоа дека импликациите, чија добра намера е јавноздравствениот аспект на населението, ќе се одразат врз меѓународната трговија и врз домашната политика, без јасно мерливи импликации.

**2. Предложените одредби со кои се забранува трговијата во угостителските објекти, кафетериите, кафе-баровите и казината, како и целосната забрана за изложување на тутунски и никотински производи ги пречекоруваат рамките на заштита од пушењето и создаваат предуслови за широки негативни економски последици.**

- Со законите во Македонија строго е забранета продажба на тутунски производи на лица под 18 години, а на секој од производите на членките на Групацијата веќе е поставено обележје дека производот е дозволен за продажба на полнолетни лица, а поставени се и здравствено предупредување и информативна порака, но и други податоци за начинот на користење на производите и за штетноста за купувачот.
- Забраната за изложување на производите на малопродажните места ја ускратува можноста купувачот да се информира или да се едуцира за производите. Денес во ниту едно продажно место во државава купувачот не може да се самопослужи со кој било тутунски производ – него го добива исклучиво од продавачот. Изложувањето дополнително придонесува за информирање и едукација за постојните, но и за новите производи.

Забраната би предизвикала сериозни финансиски последици врз малите семејни бизниси (тобака, мини маркети), намалена продажба, но и поттикнување нелегална трговија. Дополнително, забраната би предизвикала обратен ефект од она што ние со години се обидуваме да го постигнеме – контролирана комуникација и обучен вработен кадар кој се грижи информацијата да стигне само до полнолетните корисници.

- Предложената забрана за продажба на тутун и тутунски производи во угостителски објекти, особено онаму каде што и со предложениот нацрт-закон има можност да се пуши, би влијаела и врз нивните финансиски резултати, но и врз и онака слабиот квалитет на културно-музичката програма што ја нудат.
- Забраната за изложување, но и за употреба на тутунски и никотински производи во казината нема никаква потпора, со оглед на тоа што во овие објекти влегуваат лица исклучиво над 18 години, па веќе постои строга контрола во однос на тоа прашање.

3. Предложените одредби за забрана на производите со ароми и вкусови воопшто не треба да бидат дел од ова законско решение, но, секако, би сакале да посочиме на негативните последици од воведувањето на оваа мерка:

- Забраната за ароми и вкусови со сигурност ќе поттикне нелегална трговија, при што купувачите ќе ги бараат производите на нелегалните домашни пазари и на соседните пазари во регионот или преку електронските нарачки.

Докажано е дека забраната за ароми во новите, помалку штетни алтернативни производи ќе ги поттикне оние лица кои со нивно користење се обиделе да го остават пушењето повторно да им се вратат на класичните цигари.

- Како и кај другите забрани, оваа забрана не би довела до намалување на бројот на пушачи, туку само до намалување на приходите и до поттикнување илегална трговија, што се покажа во повеќето земји во кои се забранети аромите и вкусовите, како што е и Словенија.

**Заклучок**

Анализата јасно укажува на тоа дека предложениот нацрт-закон за заштита од пушење, иако со добра намера, ќе предизвика сериозни нормативно-правни, финансиски и економски последици, без притоа да има значителни импликации во јавноздравствениот сектор. Наместо подобрување на системот, Законот би создал правна неусогласеност, би ги загрозил индустријата и малите бизниси, би поттикнал нелегална трговија и би го намалил интересот за помалку штетните алтернативи. Потребна е темелна доработка и усогласување со македонската економска реалност и со принципите за намалување на штетноста, односно потребно е донесување на Законот по сериозни и сеопфатни консултации со сите засегнати страни и по балансирање на забраните, што ќе овозможи заштита на јавното здравје. Нудејќи ги нашата глобална експертиза, научнокомпаративното искуство и големиот број позитивни примери кои покажале дека активното вклучување на бизнис-заедницата и нејзиното правилно искористување за целите на државата ги постигнуваат посакуваните резултати, целосно стоиме на

располагање за доусогласување со можноста за приспособување на новите законски измени на период кој не може да биде пократок барем од една година пред стапувањето на Законот во сила.

Со почит,

Извршен директор:

м-р Антони Пешев

Подготвил:Васко Ристовски, помошник оперативен директор
Проверила/одобрила: Билјана Пеева Ѓуриќ, оперативен директор

Копија доставена до:

Проф. Д-р Христијан Мицкоски, Претседател на Владата на РСМ
Проф. Д-р Азир Алиу, Министер за здравство
г. Цветан Трипуновски, Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство
М-р Гордана Димитриеска Кочоска, Министер за финансии
г. Бесар Дурмиши, Министер за економија и труд
г. Игор Јанушев, Генерален секретар на Влада